Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 13.05.2016
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 08 | 626/2 | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 12-44/3
12.05. 2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 9. седница одржана на 06.05.2016 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиска програма „Дентална медицина" интегрирани студии од прв и втор циклус студии на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиска програма **„Дентална медицина" интегрирани студии од прв и втор циклус студии на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од шест години (дванаесет семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 360 ЕКТС и со звање: **Дипломиран доктор по дентална медицина,** Научно - истражувачко подрачје: Стоматологија, научно - истражувачко поле: Медицински науки и здравство, научно - истражувачка област: Сите области од научното поле стоматологија согласно фраскатиева класификација.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Стоматолошки факултет Скопје интегрирани студии од прв и втор циклус циклус студиска програма „Дентална медицина", на 01.04.2015 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ

достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 9. седница одржана на 06.05.2016 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Александар Стојков

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-1033
16.08.2016 година
С К О П Ј Е

Република Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
С К О П Ј Е

| Примено: 17.08.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог: | Вредност: |
| 10 | 626/3 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани шестгодишни студии по Дентална медицина на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани шестгодишни студии по Дентална медицина на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр. 09-266/6 од 16.05.2016 година, доставена до Министерство за образование и наука под УП1 бр. 1033 од 17.05.2016 година, за исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од прв и втор циклус интегрирани шестгодишни студии по Дентална медицина на Стоматолошкиот факултет во Скопје, акредитирана од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, со решение бр. 12-44/3 од 12.05.2016 година.

Министерот надлежен за работите во високото образование, со Решение УП1 бр. 14-1033 од 31.05.2016 година, формира Комисија за увид за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа за горенаведената студиска програма.

Комисијата на ден 21.05.2016 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1033 од 11.07.2016 година, каде е наведено дека за студиска програма од прв и втор циклус шестгодишни интегрирани студии по Дентална медицина на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

Доставено до:
- Примач
- Архива

изработил: Биљана Зафировска
Прегледал: Нухи Ајдини
одобрил: д-р Агим Рушити